**НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 48 став 2 од Законот за Народната банка на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.158/10, 123/12, 43/14, 153/15, 6/16 и 83/18), член 49 од Статутот на Народната банка на Република Северна Македонија Ст.бр. 02-15/IV-1/2011 од 21.04.2011 година, О.бр.02-15/III-4/2012 од 29.03.2012 година , О.бр.02-15/II-10/2016 од 25 февруари 2016 година и О бр. 02-15/XV-3/2018 од 27.09.2018 година и точките 5,6,9,10 и 11 од Одлуката за доделување годишна награда за млади истражувачи О.бр.02-15/III-16/2011 од 31.03.2011 година и О.бр.02-15/VIII -7/2014 од 31 јули 2014 година, гувернерот на Народната банка на Република Северна Македонија донесе

# Р Е Ш Е Н И Е
## за формирање Одбор за оценување

1. Се формира Одбор за стручно оценување на трудови на млади истражувачи во следниов состав:

| | | |
|---|---|---|
| - д-р Александар Стојков | член на Советот на Народната банка на Република Северна Македонија | претседател |
| - м-р Билјана Давидовска-Стојановска | заменик директор на Дирекцијата за монетарна политика и истражување | член |
| - д-р Билјана Јовановиќ | самостоен советник во Дирекцијата за монетарна политика и истражување | член |

2. Одборот за стручно оценување од точка 1 на ова решение ќе изврши стручна оценка на пристигнатите трудови по објавениот конкурс за доделување Годишна награда за млади истражувачи за најдобар труд од областа на макроекономијата и банки и банкарски систем за 2019 година и ќе достави предлог за најдобар труд со образложение до гувернерот на Народната банка на Република Северна Македонија.

Одборот за оценување од точка 1 на ова решение, покрај предлогот за најдобар труд, може да достави и предлог за доделување награда за второрангиран труд, доколку оцени дека некој од пријавените трудови е исто така со квалитет близок до прворангираниот.

Доколку Одборот за оценување од точка 1 на ова решение смета дека ниеден од пристигнатите трудови не ги исполнува условите за добивање награда, може да даде предлог за оваа година да не се доделува награда.

3. Ова решение влегува во сила со денот на потпишувањето.

**Бр.**02-5651/1
19 **февруари 2019 година**

**Г у в е р н е р**
**д-р Анита Ангеловска-Бежоска**